


# ПРИРАЧНИК ЗА РАБОТЕЊЕ СО ВОЛОНТЕРИ

**МАКЕДОНСКО ЕКОЛОШКО ДРУШТО**

**2015 СКОПЈЕ**

Македонско еколошко друштво

www.mes.org.mk

contact@mes.org.mk

Овој прирачник е изготвен како дел од проектот „Поврзување на луѓето со природата – зајакнување и вмрежување на граѓанските здруженија во Македонија“.Проект е развиен од страна на Македонското еколошко друштво во соработка со Плантлајф од Велика Британија, а со финансиска поддршка од Европската Унија. Проектот има за цел да ги зајакне капацитетите на локални организации кои соработуваат со волонтери за заштита на природата, особено во обласа на зачувување на растителниот свет.

*Содржината на ова издание е единствена одговорност на Македонско еколошко друштво и на никаков начин не ги рефлектира гледиштата на Европската Унија*

**Прирачникот е изработен со надеж дека волонтерите ќе ни се приклучат во духот на партнерство и дека нивното искуство во Македонското еколошко друштво ќе биде корисно и полно со успеси.**

Македонското еколошко друштво (МЕД) поканува луѓе од сите профили, раси и религии заедно да делуваат во полето на промовирање на екологијата како наука; заштитата и на животната средина и природата; ширењето на еколошките знаења и унапредување на еколошкото образование; и промовирање на принципот на одржлив развој.

МЕД со години соработува со волонтери и тие претставуваат еден од најсилните столбови на успехот на организацијата, а нивните достигнувања се гордост на целата организација.

# СОДРЖИНА:

1. Соработка со волонтери ...........4

2. Правила за ангажирање на волонтери ........5

 2.2. Возраст на волонтери ........5

 2.3. Безбедност ........5

 2.4. Отсуство и доцнење ........5

 2.5. Листа за присуство ........6

 2.6. Користење на возила на МЕД ........6

 2.7. Доверливи информации ........6

 2.8. Вознемирување и дискриминација ........6

3. Правила за волонтери ........7

## 1. СОРАБОТКА СО ВОЛОНТЕРИ

Волонтер е секој кој ќе посвети време и труд работејќи за целите на МЕД на терен, во канцеларија или во нејзината/неговата заедница. Ние сме им благодарни на сите волонтери  за личното вложување во исполнувањето на мисијата на МЕД . Нашата заложба е дека на сите волонтери ќе им овозможиме поддршка, надзор и признание за сработеното.

Волонтерите во МЕД можат да очекуваат да:

- Добијат соодветни задачи во склад со нивните способности, вештини, интереси и расположливото време.
- Добијат обука и надзор за задачите кои ќе ги прифатат.
- Добијат опис на работниот ангажман доколку е потребно.
- Бидат дел од тимот на организацијата кој придонесува кон целите на МЕД преку волонтерска работа.
- Даваат предлози за нивната задача во МЕД и тие да бидат разгледани од страна на тимот на МЕД.
  Добијат соодветни материјали и опрема за извршување на нивните задачи.
- Добијат соодветно признание и благодарност за сработеното.
- Добијат доверливи информации доколку се потребни за извршување на нивната задача.
- Постои документација во која е наведена нивната работа, времето кое го посветиле на МЕД, награди кои им биле доделени од МЕД и имињата на директно претпоставените.
- Бидат прифатени пријателски од тимот на МЕД.
- Работат во безбедна и пријатна атмосфера во која нема да бидат вознемирувани и дискриминирани.



# 2. ПРАВИЛА ЗА АНГАЖИРАЊЕ НА ВОЛОНТЕРИ

2.2. Возраст на волонтери

Тимот на МЕД ја оценува способноста и компетентноста на сите волонтери и им доделуваат соодветни, безбедни задачи во согласност со потребите и условите. Волонтерите под 14 години не можат да извршуваат теренски активности без присуство на старател. Волонтерите под 18 години мора да обезбедат ослободување од одговорност потпишано од старател за одредени повеќедневни теренски задачи. Не постои ограничување за максимална возраст на волонтери.

2.3. Безбедност

МЕД и волонтерите имаат заедничка обврска за воспоставување и одржување на безбедна работна средина. МЕД ќе се труди да осигури безбедна работна средина во согласност на државните регулативи за безбедност. За возврат ќе се очекува и од волонтерите да ги почитуваат правилата за безбедност и да бидат внимателни при изведувањето на нивните задачи. Волонтерите треба да пријават било какви небезбедни работни услови. Сите повреди стекнати за време на волонтерско работење во МЕД треба најитно да бидат пријавени кај претпоставен.

Посебни услови за работа на терен:

- Вработените во МЕД кои организираат активности со волонтери мора да знаат каде точно ги водат волонтерите и да се грижат за тоа дали теренот може да биде совладан од волонтерите кои се одбрани.

- Доколку теренот е особено тежок за совладување треба да се размисли за вклучување на медицинско лице во тимот и задолжително да се носи комплет за прва помош.

- Волонтерите мора да бидат однапред информирани за опремата и облеката која ќе им биде потребна на терен.

- Волонтерите мора да бидат однапред обучени за користење на опремата која ќе им биде доверена на терен.

- Доколку се организира масовен настан мора да се информира локална полициска станица.

- Волонтерите не смеат да бидат злоупотребени од медиумите – за секој настан на отворено треба да има одговорно лице за комуникација со медиуми.

2.4. Отсуство и доцнење

Работните задачи кои МЕД ги доделува на волонтери се важни за функционирањето на канцеларијата. Доколку волонтерите отсуствуваат тогаш други мораат да ги превземаат нивните обврски. Затоа волонтерите мораат задолжително однапред да пријават отсуство или доцнење кај својот претпоставен.

2.5. Листа за присуство на волонтери

Секој волонтер на МЕД кој е ангажиран на подолг период треба редовно да пополнува листа за присуство. Оваа листа ја проверува и потпишува одговорно лице од МЕД.

2.6. Користење на возила на МЕД

Само волонтери кои имаат возачка дозвола и минимум две години возачко искуство можат да управуваат со службените возила на МЕД. Волонтерите не може да управуваат со службените возилата на МЕД без претходно добиена дозвола од страна на вработен во МЕД. Дозволено е во одредени ситуации волонтерите да бидат транспортирани со возила на МЕД управувани од вработени лица.

2.7. Доверливи информации

Секој волонтер на МЕД мора внимателно да располага со доверливите информации кои му се дадени на располагање за време на извршување на одредена задача. Сите вработени во МЕД кои соработуваат со волонтери имаат обврска да водат евиденција за начинот на кој се располага со доверливи информации.

2.8. Вознемирување и дискриминација

МЕД е организација која се обврзува да воспостави работна атмосфера без вознемирувања и дискриминација. Секој волонтер е лично одговорен за одржување на ваквата работна атмосфера. МЕД ги забранува сите активности кои се базираат на расна, полова, етничка, возрасна, религиска и физичка дискриминација. Секоја активност, без разлика дали е суптилна или лесно забележлива, а која создава навредлива или непријателска работна атмосфера е забранета.

МЕД забранува вознемирување помеѓу вработените, волонтерите или други соработници. Ниту еден волонтер, машко или женско не смее да биде предмет на несакано сексуално внимание или однесување, без разлика дали е вербално или физичко.



## 3. ПРАВИЛА ЗА ВОЛОНТЕРИ

Волонтирањето во МЕД е на доброволна основа и организацијата го задржува правото да ја прекине соработката со секој волонтер. МЕД не е обврзан да поднесе образложение за причините поради кои ја прекинува соработката, освен во случај кога е поинаку договорено.

Иако е невозможно да се набројат сите облици на однесување кои се сметаат за неприфатливи на работното место, следниве примери за погрешни постапки или однесување може да резултираат со прекин на соработка со волонтери:

- Кражба или несоодветно користење на сопственост на МЕД
- Злоупотреба на организациски средства, опрема или материјали
- Фалсификување на документи
- Работење под дејство на алкохол или нелегални дроги
- Поседување, дистрибуција, продажба, пренесување на алкохол или нелегални дроги на работното место, за време на исполнување на задача зададена од МЕД и за време на користење на сопственост на МЕД.
- Користење физичко насилство или заплашување на работното место
- Немарност или несоодветно користење на опремата на МЕД
- Често занемарување на насоките за работа дадени од претпоставен
- Недозволено располагање со податоци од дата базите на МЕД
- Прекршување на правилата за безбедност
- Вознемирување и/или дискриминација на вработените, другите волонтери или соработници
- Поседување на опасни или недозволени средства, како експлозиви или огнени оружја на работното место.
- Прекумерно отсуство без најава



# ПОВРЗУВАЊЕ НА ЛУЃЕТО СО ПРИРОДАТА – ЗАЈАКНУВАЊЕ И ВМРЕЖУВАЊЕ НА ГРАЃАНСКИТЕ ЗДРУЖЕНИЈА ВО МАКЕДОНИЈА

Проектот е ко-финансиран од Европската Унија

Проектот го спроведува Македонско еколошко друштво во соработка со Плантлајф од Велика Британија